Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр 133 - 0306
04.08. 20 26 год
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 23.07.2026 година, врз основа на примена жалба од **Дарко Дрогришки,** ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Во објавата на интернет порталот-онлајн медиум Апла.мк (apla.mk) на нивниот Фејсбук профил, а со наслов **„Паркинзите во населбите „Карпош“ и „Кланица“ во Битола 'служат' за хаварисани возила“,** од 08.07.2026 г., нема отстапување од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

Жалителот Дарко Дрогришки до СЕММ на 09.07.2026 г., упати жалба за онлајн медиумот Апла.мк (apla.mk) поради објавата на нивниот Фејсбук профил со наслов „Паркинзите во населбите „Карпош" и „Кланица" во Битола 'служат' за хаварисани возила" од 08.07.2026 г., при што се жали на нарушување на приватноста.

Во жалбата кон овој давател на медиумска услуга, меѓу другото, се наведува: „На фотографијата се прикажани возила на јавен паркинг со целосно видливи регистарски таблички, а моите две возила се дополнително заокружени со црвена боја, со што директно се посочени и идентификувани. Сметам дека за темата на написот немаше потреба од објавување препознатливи таблички ниту од посочување конкретни возила, и дека со тоа е повредена мојата приватност, спротивно на член 7 од Кодексот на новинарите".

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот и линкот од објавата), како и пошироко образложение на жалителот.

**ОДГОВОР ОД МЕДИУМОТ**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со онлајн медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата. Притоа, го потсети давателот на медиумска услуга и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На онлајн медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ беше доставен одговор во кој се отфрлаат наводите од жалбата и, меѓу другото, се наведува:

...„АПЛА фотографијата ја доби од засегнати жители на населбата „Карпош" во Битола, се работи за јавен простор, а не за приватен. Хаварисаните возила се заокружени од засегнати станари со цел да се посочи кои возила се хаварисани и да се укаже на проблемот дека хаварисани возила со години зафаќаат јавен простор, а жителите немаат простор за паркирање. Не се согласувам дека е нарушување на приватноста, бидејќи на ниту едно возило не се гледа јасно реагистрацијата. Целта на објавата е да се укаже на проблемот и Општина Битола да спроведе акција за отстранување на хаварисаните возила од јавните простори, вклучително и на оваа јавна локација, проблем со кој се засегнати граѓаните"

Во одговорот на давателот на медиумска услуга Апла.мк, потпишан од основачот и главен и одговорен уредник Анета Блажевска, се повторува на крајот дека „објавата на АПЛА е од јавен интерес“, дека „просторот на фотографијата е јавен простор“ и дека „со ништо не се посочува дека возилата се на пријавителот“.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека во објавата на онлајн медиумот Апла.мк (apla.mk) на нивниот Фејсбук профил, а со наслов „Паркинзите во населбите „Карпош“ и „Кланица“ во Битола 'служат' за хаварисани возила“ од 08.07.2026 г., нема отстапување од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не прекршен ниту еден член од **Кодексот на новинарите на Македонија**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за објава на текст проследен со фотографија за начинот на употреба на паркинг простори во две населби во Битола, при што се посочува на злоупотреби од страна на несовесни граѓани - тема од јавен интерес.

Комисијата ја оценуваше објавата на медиумот првенствено од етички аспект во однос на членовите на Кодексот на новинарите на Македонија, при што утврди дека не постои прекршување.

Суштината на жалбата е во фотографијата во објавата во која има заокружени возила, при што подносителот на жалбата ги препознал своите две возила и оценил дека со тоа му е нарушена приватноста.

Комисијата во расправата оцени дека жалителот нема право од неколку причини. Првата и основна, станува збор за тема од јавен интерес – долготрајно окупирање со расипани или хаварисани возила на ограничен јавен простор наменет за паркирање на жителите од конкретните населби во градот. Етичките одредби упатуваат на почитување на приватноста на личноста, освен кога станува збор за одбрана на јавниот интерес.
Но, дури и да се занемари оваа одредба, станува збор за фотографија на јавен простор при чија детална проверка не може да се утврди дека табличките на заокружените возила се читливи.

Тоа што некои од жителите од непосредното соседство можеби ќе препознаеле дека две од заокружените возила се на подносителот на жалбата, не значи дека медиумот со тоа што ја објавил фотографијата сторил етичка грешка во смисла на нарушување на приватноста. Дотолку повеќе што медиумот во текстот не се занимава со конкретни

имиња на сопственици на возила, туку со проблемот генерално, односно го штити јавниот интерес.

Поради горе наведените аргументи Комисијата заклучи дека жалбата е неоснована и дека со објавата на фотографијата и текстот, медиумот, одноно давателот на медиумски услуги не сторил прекршување на ниту еден од членовите на **Кодексот на новинарите на Македонија**.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено.
Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Тамара Чаусидис, Снежана Трпевска, Жана Божиновска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири и Димитар Мицев.
Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Тамара Чаусидис

Здружение Совет за етика во медиумите ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595